Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 29 август 2023 година/viti
Бр./Nr.: 41-7814/ 4

До
Министерство за финансии
Скопје

# ИЗВАДОК

**од Нацрт – записникот од Сто осумдесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 август 2023 година**

ТОЧКА 26: Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година

Владата го разгледа Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерство за здравство, Министерство за правда, Министерство за транспорт и врски, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, Министерство за култура, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 31.12.2023 година, да донесат сопствен етички кодекс во кој, меѓу другото, ќе биде утврден начинот на постапување со пријавените случаи на неетичко однесување, ќе назначат повереник за етика и ќе основаат етички комитет.

2. Се задолжуваат сите министерствата, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа до 30.4.2024 година, да спроведат внатрешна ревизија на процесот на управување со ризици. Воедно, се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 31.12.2023 година, на сите министерствата и единиците на локалната самоуправа да им даде насоки за спроведување на внатрешна ревизија на процесот на управување со ризици.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Sekretariati i përgjithshëm
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Булевар „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
Bul. „Ilinden“ nr. 2, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3118022
www.vlada.mk

3. Се задолжуваат сите министерствата, а им се препорача на единиците на локалната самоуправа да го изготват/ажурираат планот за развој на системот за внатрешна контрола за клучните процеси на финансиско управување и контрола со план за отстранување на слабостите и неправилностите и да ја следат неговата реализација во институцијата.

4. Се задолжуваат сите министерства, а им препорачува на единиците на локалната самоуправа до 10.5.2024 година, да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор за преземените активности по заклучоците.

5. Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, да ја извести Владата со Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2023 година за реализација на заклучоците од Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2022 година.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: Христина Мишевска, самостоен референт
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Доставено до:
- сите министерства
- ЗЕЛС